# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” Излегува по потреба | 20. Март .2007 год. Скопје Бр. 3 Год. II |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

**Скопје, Март 2007 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Завршна сметка на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2006 година**

Се објавува Завршната сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Четириесет и шесттата Седница на Советот, одржана на ден 15.03.2007 година.

**Број 08-651/1**
**од 19.03.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров ("Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на општина Ѓорче Петров на Четириесетишестата седницата одржана на ден 15.03. 2007 година, донесе

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**ЗА 2006 ГОДИНА**

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2006 година се состои од:

| Планирани | Реализирани |
|---|---|

**-Вкупно приходи 146.736.881,00 денари 117.578.083 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 76.622.898,00 денари | 55.915.771,00 денари |
| Неданочни приходи | 8.687.116,00 денари | 7.134.483,00 денари |
| Капитални приходи | ________ денари | ________ денари |
| Трансфери | 28.200.645,00 денари | 27.234.047,00 денари |
| Наменски дотации | 10.517.107,00 денари | 10.517.107,00 денари |
| Приходи од самофинансирачки активности | 17.738.535,00 денари | 12.450.549,00 денари |
| Донации | 4.970.580,00 денари | 4.326.126,00 денари |
| Пренесено салдо од 2005 година | 18.429.238,00 денари | 18.429.238,00 денари |

**-Вкупно расходи 146.736.881,00 денари 109.973.648,00 денари**

| | | |
|---|---|---|
| Утврдени намени | 146.486.881,00 денари | 109.728.448,00 денари |
| Резерви | 250.000,00 денари | 245.200,00 денари |

**-Салдо на 31-12-2006 7.604.435,00 денари**

**Член 2**

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 7.556.991,00 денари се пренесува како приход на основниот буџет на општина Ѓорче Петров за 2007 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 236,00 денари се пренесува како приход на буџетот на наменски дотации на општина Ѓорче Петров за 2007 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 47.208,00 денари се пренесува како приход на буџетот на самофинансирачки активности на општина Ѓорче Петров за 2007 година.

**Член 3**

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2006 година и тоа:

**Член 4**

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2006 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

**Член 5**

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2006 година се објавува во Службениот гласник на општина Ѓорче Петров.

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

**Бр. 07- 541/3**
**15.03. 2007 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за пренесување на моштите на Ѓорче Петров од Република Бугарија во Република Македонија во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за пренесување на моштите на Ѓорче Петров од Република Бугарија во Република Македонија во Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Триесет и петтата Седница на Советот, одржана на ден 24.11.2006 година.

**Број 08-651/2**
**од 19.03.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 35-тата седница одржана на ден 24.11.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на моштите на Ѓорче Петров од Република Бугарија во Република Македонија во Општина Ѓорче Петров**

Советот на Општина Ѓорче Петров покренува Иницијатива за спроведување на постапка за пренесување на моштите на големиот револуционер и борец за самостојна Македонија, во гробница во Општина Ѓорче Петров која го носи неговото име.

Се овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да ги превземе сите потребни активности во соработка со Владата и сите надлежни институции во Република Македонија за реализација на оваа иницијатива.

Оваа Одлука стапува во сила од донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2535/3**
**24.11.2006 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров


1. **Завршна сметка на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2006 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 2**

2. **Одлука за пренесување на моштите на Ѓорче Петров од Република Бугарија во Република Македонија во Општина Ѓорче Петров . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр. 8**



Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци